# Кој владее со интернетот? Што е ИКАНН?

Интернет-корпорацијата на доделени имиња и броеви (ICANN - the Internet Corporation of Assigned Names and Numbers) е организација што го надгледува системот на интернет-адреси. **Интернет корпорацијата на доделени имиња и броеви** (ИКАНН) е непрофитна организација основана во 1998 година со седиште во САД.

## Зошто ИКАНН е важна денес: Управување со интернет и ССИО

Управувањето со интернет беше тема на жестока дебата на **Светскиот самит за информатичко општество** (ССИО) што во 2003 година се одржа во Женева. Некои групи сметаа дека интернетот е контролиран од комерцијалните интереси наместо да претставува глобален ресурс којшто ќе им биде на располагање на сите. Други, пак, сметаа дека повиците за промена на управувањето со интернетот се само маска за желбата на некои влади да ја контролираат содржината и да ја ограничат слободата на изразувањето на интернет. ИКАНН е еден од најважните играчи во денешниот систем на управување со интернет и беше активно вклучен во поголемиот дел од дебатата. Учесниците на Самитот во 2003 година се согласија дека управувањето е важно, но не успеаја да се договорат за новиот систем на управување и затоа генералниот секретар на ОН основа работна група за управување со интернет. Работната група треба да даде препораки за втората фаза на ССИО што ќе се одржи во ноември 2005 година во Тунис. Тука ќе бидат вклучени и препораките за улогата на ИКАНН во иднина.

### Водич за информатички и комуникациски технологии (ИКТ)

Ова е првиот од серијата кратки документи за различните аспекти на ИКТ и информатичкото општество. Водичот е резултат на соработката на Фондацијата Метаморфозис и Панос Лондон, и е наменет за оние коишто не се стручни, а особено за новинарите, кои сакаат да пишуваат за прашањата поврзани со информатичкото општество околу втората фаза на Светскиот самит за информатичко општество (ноември 2005 година).

Ова и следните изданија на водичот се достапни во електронски формат на веб-сајтовите на Метаморфозис - www.metamorphosis.org.mk (на македонски и на албански јазик) и Панос Лондон - www.panos.org.uk/communication (на англиски јазик).

За печатени верзии на македонски и на албански јазик пишете на info@metamorphosis.org.mk.




Jacob Silberberg / Panos Pictures

## Зошто на интернетот му е потребно управување?

Интернетот е глобален ресурс којшто можат да го користат сите, но оставањето да биде бесплатен за сите нема да помогне во неговиот развој. Денес интернетот нема единствен систем на управување затоа што претставува новина и во најголем дел е развиен од приватниот сектор. Различни аспекти се раководени од различни организации.

Постојат различни мислења од што треба да се состои „управувањето со интернет". (Првата задача на работната група беше да подготви дефиниција за фразата управување со интернет.) Некои од областите во кои на интернетот му е потребно раководење или може да има корист од истото се:

- распределба на адреси и нивно организирање во групи, како што се: .com, .org, и групи на држава, како што се: .as, .ug, .uk.

- технички и инженерски прашања, обезбедување на добро функционирање на системот и компатибилност на различни елементи
- справување со спем, вируси и измама за да се задржи довербата на корисниците и да се исполнат очекувањата.

Основното прашање на кое се дебатираше беше дали владите треба да имаат голема улога во управувањето со интернетот и во овој случај управувањето ќе треба да го спроведува меѓувладино тело, најверојатно во рамките на ОН. Противниците на ова гледиште веруваат дека сегашниот систем, во кој приватниот сектор и граѓанското општество имаат поголема улога, може добро да функционира и не му е потребна таква радикална промена. Тие стравуваат дека ако на владите им се даде поголема моќ над интернетот би можеле да ја употребат за да го спречат неговиот динамичен развој и да ја ограничат слободата на корисниците. Исто така, постојат спротивни гледишта околу прашањето дали системот на управување со интернет треба да се занимава со прашањето на контрола на несакана содржина – порнографија, содржина што содржи омраза, криминал, или тоа е соодветно покриено со постоечката легислатива во секоја земја.

## Функцијата на ИКАНН

Кога ќе внесете адреса и ќе отворите веб-страница нема потреба да запрете и да размислувате што овозможува да го направите тоа. Лесната адреса за користење составена од два или три дела (на пример metamorpohis.org.mk) е дел од системот надгледуван од ИКАНН и развиен од претходниците на ИКАНН.



ИКАНН е надлежен за надгледување на:

- Системот за имиња на домени
- Адреси на интернет-протоколи
- Систем на коренски сервер

## Лесни адреси – системот за имиња на домени

Најзабележливата одговорност на ИКАНН е надгледувањето на системот на интернет адреси. Веб-адресите содржат скратеници како што се .org, .com, .co или .gov. Овој дел од веб-адресата се вика **генеричко име на домен на највисоко ниво** (generic Top Level Domain name). Друг дел од голем број адреси е име на **код на земја домен на највисоко ниво (Top Level Domain name)**. Сите земји во светот имаат две букви што го претставуваат ова ниво, како на пример .ug за Уганда или .za за Јужна Африка.




## Како се регистрира поддомен во Република Македонија?

Институцијата, која раководи со доменот „.mk" (МК), е Македонската академска научно-истражувачка мрежа МАРНет (Macedonian Academic and Research Network - MARNet). Таа е формирана со поддршка на Министерството за наука на Република Македонија во 1994 година, како организациска единица на Работната заедница на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. За остварување на своите цели МАРНет во времето на своето основање е вклучена во најзначајните мрежи на Европа, како ЕАРН, ТЕРЕНА и ЦЕЕНет.

Постапката за регистрација е целосно дефинирана во Правилникот за организација и управување со македонскиот домен од највисоко ниво и започнува со техничко поставување на именските опслужувачи (ДНС-сервери). Потоа точно се пополнува образецот Барање за регистрација на интернет-поддомен, се испраќа по пошта на адресата: МАРНет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", бул. „Крсте Мисирков" б.б., 1000 Скопје.

Годишна претплата за регистрација на поддомен изнесува 10 евра, а доколку се работи за продолжување, висината е 5 евра во денарска противвредност. Доколку во рок од 30 дена од денот на регистрацијата регистрантот не ја подмири финансиската обврска или не достави целосна документација за регистрацијата, истата ќе биде поништена.

Во МК-доменот се организираат 7 секундарни домени, и тоа: gov.mk (владини тела, јавни претпријатија, локална самоуправа), com.mk (профитни фирми или друштва), org.mk (непрофитни здруженија, фондации, политички партии, фондови, странски амбасади), edu.mk (образовни и научноистражувачки установи), net.mk (организациите кои даваат мрежни услуги на трети лица), name.mk (физички лица), inf.mk (домени од посебно значење за РМ). Органите на државната власт во РМ, на нивно барање, можат да регистрираат домен и директно под врвниот македонски домен МК.




Оригиналниот систем на интернет-адреси ги користи броевите на **интернет–протоколот** (ИП): секој веб-сајт има свој единствен идентификациски број според кој се препознава од системот и системот пренасочува информации до него. Но, до 1984 година постоеја толку многу адреси што го правеа системот тежок за употреба. Затоа беше основан Системот за имиња на домени кој ги замени броевите со зборови и ги организира во генерички „домени”. Домените на земјите беа воведени во 1985 година. Секое име треба да се регистрира во централен систем со што ќе соодветствува со број на интернет-протокол, а тој број е токму она што го користи системот за испраќање пакети со информации.

На почетокот со имињата на домените се занимаваше Нетворк солушнс (Network Solutions), монополска компанија којашто беше авторизирана од Владата на САД да го прави тоа. Нетворк солушнс ги регистрира популарните веб-домени .com, .net и .org. Во 1989 година Министерството за трговија на САД склучи договор со Катедрата за пошта и телекомуникации на Институтот за информатичка наука при Универзитетот Јужна Каролина, воспоставувајќи ја на тој начин Управата на доделени интернет-адреси (Internet Assigned Numbers Authority). Потоа, во 1998 година, во договор со Министерството за трговија на САД, беше основан ИКАНН кој ги презеде функциите на Нетворк солушнс и Управата на доделени интернет-адреси. Целта беше приватизирање, интернационализирање и воведување конкуренција во системот на имиња на домени. Денес, во делот на доделување имиња и водење делови од коренскиот серверски систем (root server system) се вклучени одреден број приватни компании, кои работат под чадорот на ИКАНН.

ИКАНН ги контролира, ги води и ги разрешува недоразбирањата коишто се однесуваат на Системот на имиња на домени (Domain Name System - DNS), но новите имиња на домени на највисоко ниво мора да бидат одобрени од Министерството за трговија на САД во согласност со условите на договорот со ИКАНН. Неодамна беа одобрени седум нови генерички имиња на домени на највисоко ниво, и тоа: .info, .biz, .name, .pro, .aero, .coop, and .museum.

## Кој е одговорен за домените?

| Име | Одговорна компанија | Целна група |
|---|---|---|
| .biz | NeuLevel, Inc. | Ограничено само за бизнис |
| .com | VeriSign Global Registry Services | Бизнис |
| .info | Afilias Limited | Домен без ограничувања наменет за веб-сајтови што содржат податоци за вас, за вашата организација, за вашите производи или за каква било друга информација што сакате да биде достапна за поширока публика |
| .name | Global Name Registry | Резервирано за индивидуи |
| .net | VeriSign Global Registry Services | Наменето и сé уште често користено од провајдерите на услуги на интернет, а исто така често се користи и од разни видови организации и индивидуи |
| .org | Public Interest Registry | Ова име беше одземено од Верисајн (VeriSign) во 2002 година како дел од мисијата на ИКАНН за воведување конкуренција. Не е ограничено, но е наменето за некомерцијалната заедница |
| .pro | RegistryPro | Ограничено на сертифицирани професионалци и слични лица |

**Кој раководи со имињата на домените низ светот?**
Проверете на: www.internic.net/origin.html

## Кој треба да биде сопственик на .info-доменот?

.info е еден од седумте нови генерички домени на највисоко ниво (гДНН) што неодамна беа одобрени од ИКАНН. Многу адреси **imenazemja.com** се во приватна сопственост, како и имињата **imenazemja.com**. Либералите на пазарот сметаат дека сите гДНН треба да бидат на располагање на комерцијалните корисници. Од друга страна, пак, некои влади сметаат дека .info-адресите треба да им бидат оставени ним, за да ги користат за туризам, културна промоција и општа свест. Разликите забележете ги сами. Посетете ги **www.southafrica.info** и **www.india.info**. Првиот е во сопственост на Владата на Јужна Африка и нуди информации за земјата. Вториот е во сопственост на компанија за производство на производи од мед наречена „Ин Диа”.

## Дали земјите треба да ги поседуваат своите имиња на код на земја?

Исто како и генеричките имиња, имињата на домени на код на земја се регистрирани и се управувани (односно се во сопственост) од разни типови организации, вклучувајќи тука и некои приватни компании и индивидуи.

Денес, кога интернетот станува доминантна форма за добивање информации, некои влади сакаат да имаат контрола над доменот на нивната земја. Тие гледаат на кодот на земјата домен на највисоко ниво како на нешто слично на знамето, или на ист начин како што многу земји до скоро управуваа со авионскиот сообраќај, нешто што содржи статус и нешто над кое земјата/владата треба да има суверено право и контрола.

Системот на домени на земји беше воспоставен за да реши една техничка работа – потребата за обезбедување комуникација меѓу земјите. Управата за доделени интернет-адреси го доделуваше правото за управување со името на **кодот на земјата Домен на највисоко ниво** (кзДНН) на првата компетентна личност што ќе го побара тоа, и по основањето ИКАНН го презеде истиот систем. Некои од менаџерите или луѓето што регистрираат на ниво на земји се приватни компании, некои се наоѓаат во склоп на владата, а некои се индивидуи. ИКАНН не контролира како работат менаџерите на името на кодот на земјата домен на највисоко ниво или колку наплаќаат.

На почетокот, кога само неколку влади се заинтересираа за развојот на интернетот, овој систем беше прифатен. Но, денес, кога се појавија националистички чувства кон имињата на домените, голем број луѓе чувствуваат дека треба да биде воведен поформален и потранспарентен систем, кој ќе им овозможи на владите самите да управуваат со домените, или, ако поради разни причини немаат капацитет да го прават тоа, да одберат и да раководат со соодветни организации од земјата и тие организации да го прават тоа во нивно име. Постои систем во рамките на правилата на ИКАНН за пренесување на одговорноста за кзДНН од една организација во земјата на друга, но процесот може да биде бавен и фрустрирачки.

Што ќе се случи ако приватниот управувач со кзДНН пропадне, како што беше тоа случај во Украина во 2001 година? Дали Владата треба да интервенира и да го преземе кзДНН? Самите влади можеби не се баш најсоодветните организации за ефикасно раководење со името на доменот на земјата. На пример, во Камбоџа оваа услуга стана понеефикасна и поскапа кога Владата го презеде раководењето од една невладина организација. Од друга страна, пак, во Бразил Владата ја контролира работата на кзДНН .br како конзорциум од повеќе акционери за општо добро.



## Кој е сопственик на името southafrica.com?

Саутафрикан сандеј тајмс (The South African Sunday Times) иницира петиција за поддршка на обидот на Владата на Јужна Африка да си го поврати името на доменот од сегашниот сопственик, Вирчуал кантрис (Virtual Countries Inc.), приватна компанија лоцирана во Сиетл. Генералниот директор за комуникации на Јужна Африка, Андил Нгкаба (Andile Ngcaba), изјави дека Вирчуал кантрис предводени од американскиот адвокат Грег Пали го регистрирале тоа име и бараат околу 5 до 10 милиони американски долари за него.

Вирчуал кантрис неодамна беа поврзани со контроверзии бидејќи компанијата контролира повеќе од 30 имиња на домени на интернет наречени според името на некои земји, вклучувајќи ги тука и .com домените за Белгија, за Русија, за Шкотска, за Шведска, за Турција и за Украина. Порано ги имаа и домените за Кореја, за Швајцарија и за Нов Зеланд. Доменот за Нов Зеланд беше продаден на Владата на таа земја за пријавени еден милион долари по неуспешниот обид на земјата против регистрацијата базиран на Единствената политика за разрешување на несогласувања поврзани со имиња на домени (Uniform Domain Name Dispute Resolution Policy). Дебатата продолжува.

## Кој ги поседува домените на земјите?

Откријте преку: **www.iana.org/cctld/cctld-whois.htm**

## Предизвикувајќи ја доминантноста на англискиот

Генеричките имиња на домен се базирани на англиски зборови (.com, .org, и др) и функционираат само ако се користат англиски букви што ја ограничува нивната употреба од страна на луѓето кои не зборуваат англиски. Денес техничките стандарди се подготвени за распределба на интернационализирани имиња на домени, што ќе им овозможи на корисниците да ги пишуваат имињата во своите јазични скрипти, но ќе биде голем предизвик да се мобилизираат ресурсите и соработката меѓу разните организации, кои се неопходни оваа можност да стане стварност.

Верисајн (VerySign), еден од регистраторите на имиња на домени, тврди дека во нивните скрипти денес можат да бидат регистрирани околу 350 јазици. Сепак, за тоа се потребни многу структурни промени. Тука се вклучени прифаќањето заеднички јазични платформи (хардвер), заеднички тастатури, и опфаќа не само земји во кои населението зборува ист јазик, туку потреба да се натераат меѓународните производители на хардвер и софтвер да ги прифатат овие стандарди во нивните производи. На пример, земјите во кои живее население кое зборува тамилски се здружија и прифатија да употребуваат заедничка тастатура, но Виндоусот на Мајкрософт сé уште ја нема прифатено и користи различна тамилска тастатура.







Fredrik Naumann / Panos Pictures

Секоја година 5000 луѓе се собираат на најголемиот светски компјутерски собир во Хамар, Норвешка

## Кој раководи со ИКАНН?

Од основањето на ИКАНН неговата структура беше ревидирана неколку пати и денешната структура сé уште е во процес на воспоставување. ИКАНН се стреми да ја претстави интернет-заедницата преку три организации за поддршка составени од различни акционерски организации (коишто доброволно пристапуваат) – Организацијата за поддршка на адреси (формирана од регионалните интернет регистратори), Агенцијата за поддршка на генеричките имиња и Агенцијата за поддршка на имињата на код на земја (основана во март 2004 година). Секоја од овие агенции назначува двајца членови во одборот на ИКАНН којшто брои 15 членови и дава совети за водењето на политиката во нејзината област на интерес. Другите осум членови на одборот ги номинира Комисијата за номинирање. Исто така, постои и одреден број кориснички и технички комисии, вклучувајќи ја тука и советодавната комисија „во целост" (основана во 2003 година) за да ги претставува интересите на индивидуални интернет-корисници. Секоја од овие комисии назначува по еден контакт-член на одборот без право на глас. Секој од петте региони, Европа, Азија и Пацификот, Латинска Америка и Карибите, Африка и Северна Америка, мора да биде претставуван во органите за донесување одлуки на ИКАНН.

ИКАНН е критикуван дека се раководи од бизнис-интереси (многу малку се води сметка за застапеноста на граѓанскиот сектор во трите организации за поддршка), за недоволен легитимитет (на пример, поради големиот сооднос на номинираните членови на одборот), и за процесот на ад-хок донесување одлуки. Сепак, некои аналитичари сметаат дека постои голема можност за вклучување и влијание од страна на

земјите во развој и од страна на разните акционерски групи, вклучувајќи ги и групите од граѓанскиот сектор. Проблемот е што оваа можност не е добро искористена затоа што структурите и процедурите во ИКАНН, вклучувајќи го процесот на номинирање на членови на Одборот и членови на советодавниот комитет, не се разбрани од сите.



## Дистрибуирање интернет-адреси: Броеви на интернет-протокол (ИП)

Покрај имињата на домените, ИКАНН ја надгледува и распределбата на броевите коишто стојат за текстуалните адреси (нешто слично како телефонските броеви). ИП-адресите се броеви што се користат за да се идентификуваат индивидуални сервери на интернет. Доделувањето на овие адреси бара координација на глобално ниво.

**Веб адресите се совпаѓаат со броевите на интернет-протокол**

| Адресата што ја користат луѓето: | Адресата што ја користат компјутерите: |
|---|---|
| www.interworldradio.com | 83.138.130.5 |

Под сегашниот интернет-протокол (IPv4), 80% од повеќе од 4 милијарди адреси коишто се на располагање во САД, се распределени на организации во САД. Ова ја отсликува сегашната и предвидената употреба во времето на изготвување на протоколот, но некои критикувачи сметаат дека системот е неправедно пристрасен во полза на САД.

Во раните деведесетти години на минатиот век во обид да се реши проблемот беа основани регионалните интернет-регистратори (Regional Internet Registries). Тоа се непрофитни организации со членство. Управата за доделени интернет-адреси (под ИКАНН) ги распределува расположливите адреси на овие **регионални интернет-регистратори** (РИР), кои креираат своја политика и сами одлучуваат како ќе ги распределат понатаму.

**Регионални интернет регистратори:**

**RIPE-NCC** (www.ripe.net)
Европа и околните области и делови на Африка

**APNIC** (www.apnic.net)
Азија и регионот околу Тихиот Океан

**ARIN** (www.arin.net)
Остатокот од светот, вклучувајќи и делови на Африка

**LACNIC** (www.lacnic.net)
Латинска Америка и Карибите

Регионалниот интернет-регистратор за Африка, **AfriNIC** (www.afrinic.net), е во процес на основање

Регионалните интернет-регистратори заеднички основаа една нова организација како централа за нивните активности на глобално ниво, наречена Организација за ресурси на броеви (Number Resource Organisation, www.nro.net). РИР исто така формира една од филијалите на ИКАНН, Организацијата за поддршка на адреси, којашто го советува Одборот на ИКАНН околу глобалната политика поврзана со доделувањето адреси.

Неодамна, во еден извештај подготвен од Меѓународната телекомуникациска унија (International Telecommunication Union) (http://www.itu.int/ITU-T/tsb-director/itut-wsis/files/zhao-netgov01.doc), беше предложено креирање нов процес на дистрибуирање интернет-адреси базиран само на националните власти. Постоечките меѓународни организации за управување со интернетот се спротивставија на овој предлог, плашејќи се дека националните власти ќе бидат помалку објективни во распределбата на адреси, а нивната работа ќе биде потценета.

## Централен адресар: Коренски серверски систем

Коренскиот серверски систем (Root Server System) е структура којашто го организира и го олеснува пристапот на интернет. Се состои од 13 сервери, кои заеднички управуваат со еден единствен адресар наречен „коренска зона" што содржи линкови до сите сервери на имиња на домени на „највисоко ниво". За да се појави некој домен од највисоко ниво на глобалниот интернет, мора да биде инсталиран во коренската зона од операторите на коренските сервери.

Десет коренски сервиси се наоѓаат во САД. Ова е поради историски причини: најраните почетоци на интернетот во најголем дел биле во САД и коренските сервери сé уште треба да се наоѓаат



Patrick Brown / Panos Pictures

што е можно поблиску до најголемиот интернет-сообраќај. Сепак, ова, а и фактот што Владата на САД учествува во одржувањето на околу половина од серверите, оди во прилог на загриженоста на некои критикувачи кои сметаат дека САД има преголема контрола на ИКАНН. ИКАНН работи според договорот со Министерството за трговија на САД (обновен во март 2003 година), кој забранува дополнување или бришење на датотеката во коренската зона без дозвола. Според тоа, постои можност Владата на САД да избрише, на пример, домен на име на земја. Иако веројатноста за тоа е мала, сепак ова е еден од сериозните проблеми коишто беа разгледувани за време на ССИО.

Некои граѓански организации го разгледуваат предлогот на Работната група на ОН за управување со интернет. Во предлогот се вели дека еден нов меѓународен инструмент може да воспостави неприкосновено право кзДНН на таа земја да се појави во датотека на коренската зона. Исто така беа дадени предлози за зајакнување на управувањето со кзДНН во земјите во развој, на пример, преку промовирање најдобра употреба.

Од друга страна, пак, од 2003 година низ светот беа основани клонови на коренските сервери (до мај 2004 година во 22 земји) под системот „Еникаст" (**Anycast**). Ова беше направено без формална консултација или процес на авторизирање и многу мало вклучување на ИКАНН и некои аналитичари сметаат дека стравувањата од контрола на САД се неосновани.

## Во пресрет на ССИО 2005

Во дебатата за управување со интернет постојат две главни гледишта:

- Од едната страна се наоѓаат оние кои мислат дека сегашниот систем функционира разумно добро. Веруваат дека тој ги одржува основните карактеристики на слободата на интернетот и ја одржува улогата на владата на минимум. Повеќето од оваа група признаваат дека на ИКАНН му се потребни реформи и токму тоа треба да се направи за да се обезбеди поголемо учество на граѓанскиот

### Создавање Национална стратегија за информатичко општество

Надоврзувајќи се на позитивните локални иницијативи од минатото, како е-Декларацијата прифатена од Собранието во 2002 година, а следејќи ги глобалните трендови изразени преку иницијативите на ООН и потребите за евроатланска интеграција (обврските од Пактот за стабилност), во јуни 2005 година Владата на РМ ја усвои Националната стратегија за информатичко општество.

Проектот кој започна во ноември 2004 година е поддржан од ФИООМ и УНДП, со цел создавање законска и општествена рамка за развој на општество и економија базирани на знаење и на принципите на вклучување. Со проектот раководеше владината Комисија за информатичка технологија, но применливоста ја обезбеди учеството на 31 претставник од другите општествени сфери (јавната администрација, локалната самоуправа, образованието, здравството, приватниот сектор, медиумите, граѓанскиот сектор) организирани во Работна група. Резултат е троделен документ кој се состои од применета политика (општите заложби и цели), стратегија (приказ на состојбите, потребните мерки и нивните носители) и акциски план (приоритетни предлог-проекти).

Во рамките на проектот беа спроведени активности за прибирање информации од земјата, позитивни искуства од странство, особено во соработка со Академијата за е-владеење (**www.ega.ee**) од Естонија, како и поттикнување учество на јавноста и граѓаните во процесот. Како извор на информации за состојбите во земјата беа користени истражувањата на Фондацијата Метаморфозис, кои исто така има послужено и при одговарањето на Прашалникот на ЕУ.

Заинтересираните ја искористија можноста да се приклучат во развојот на Стратегијата преку учество во седум јавни дебати одржани во четири различни градови, а и дополнителните форуми наменети за претставниците на ИТ-фирмите и граѓанските организации во организација на МАСИТ и на Метаморфозис.

Некои од сознанијата до кои доведе процесот се потребата за понатамошна либерализација на пазарот што ќе придонесе за развој на инфраструктурата, реорганизирање на јавната администрација за да може поефикасно да ги задоволува потребите преку формирање координативно меѓуминистерско тело - Агенција за информатичко општество и обезбедување повеќенасочна комуникација помеѓу граѓаните, власта и другите фактори и преку обезбедени еднакви услови за сите преку обезбедена интероперабилност и нефаворизирање кои било брендови или технологии.

Со Стратегијата како приоритет при развојот на инфраструктурата се наложува дека водечка улога, покрај државата, треба да има МАРНет, со поддршка на приватниот и на јавниот сектор. Исто така во делот за е-образование се истакнува потребата за понатамошно подобрување на организациската поставеност, доекипирање, професионализација, зголемување на транспарентноста и обезбедување финансиска стабилност на МАРНет (преку обезбедување алоцирани средства од Владата).

Потребните средства за спроведување би се добиле со воведување ставка за ИКТ во државниот буџет, ангажирање на веќе оформениот донаторски совет и мобилизација на фондови од ЕУ.



Yola Monakhov / Panos Pictures

сектор. Мнозинството граѓански асоцијации пред ССИО 1 (кој беше порепрезентативен за северното отколку за јужното граѓанско општество) го поддржуваа ова гледиште.

- На другата страна се наоѓаат оние кои сакаат управувањето со интернетот да биде ставено под меѓународна контрола, најверојатно под контрола на ОН. Тие сметаат дека сегашниот систем, во кој приватните и невладините интереси како ИКАНН ад-хок раководат со интернет, е недоволно транспарентен и недоволно доверлив. Тие предлагаат нов систем креиран според, или поврзан со, **Меѓународната телекомуникациска унија** (МТУ) кој ќе им даде поголема власт на националните влади. Ова беше ставот на многу јужни земји за време на дискусиите на ССИО 1, како и Кина, Јужна Африка, Бразил и повеќето арапски држави.

Дискусијата што се водеше на ССИО 1 беше жестока. Сепак, некои аналитичари сметаат дека повеќето од несогласувањата беа повеќе привидни отколку реални. Тие сметаат дека страстите се разбрануваа делумно поради фактот што некои делегати на владите немале детални информации за тоа како функционира сегашниот систем. На пример, некои влади на јужни држави и некои граѓански организации тврдеа дека ИКАНН има предрасуди против земјите во развој. Овие обвиненија можеби се должат на фактот што земјите во развој сé уште не ги користат постоечките можности за учество и влијание. Слично на ова, некои луѓе приговараат против доминацијата на англискиот јазик на интернет. Некои аналитичари сметаат дека таквите критикувачи не ги земаат предвид техничките тешкотии и трошоците за воведување други јазици и скрипти.

Од друга страна, пак, многумина се согласуваат дека денес ИКАНН не е репрезентативна организација или пак може лесно да се смета за одговорна. Ова го признаваат дури и оние кои повеќе го поддржуваат невладиниот систем (ИКАНН) отколку меѓувладиниот систем (налик на МТУ). Размислувањето дека ИКАНН не е одговорна е зајакнато затоа што денес многу влади немаат капацитет и институционални процедури за потполно учество во ИКАНН.

Исто така, многу набљудувачи се согласуваат дека целосната власт на Владата на САД над ИКАНН, дури и ако е потенцијална и не се применува во пракса, е пречка за формирање систем кој ќе биде целосно меѓународен, отворен и непристрасен.

Управувањето со интернет станува влијателен фактор за начинот на кој ние ги оценуваме, консумираме, произведуваме и разменуваме нашите информации во и меѓу нациите. Затоа дебатата за ова, меѓу јавноста и владите, е неопходна во периодот пред ССИО 2.

## Корисни веб-сајтови за повеќе информации

**www.icann.org**
официјален веб-сајт на ИКАНН

**www.icannwatch.org, www.icannwatch.com**
вести и написи поврзани со ИКАНН

**www.icannatlarge.com**
самостојно учество во управувањето со интернет

**www.internetdemocracyproject.org**
проект што бара учество, јавна одговорност и човечки права во светот на интернетот

**www.whois.net**
информации за тоа кој е сопственик на одреден сајт. Од полза за новинарите, кои го проверуваат кредибилитетот и веројатната пристрасност на секој сајт

**www.nro.net**
Организацијата за ресурси на броеви ги следи нераспределените броеви на интернет-протоколи

**www.wgig.org**
Работна група на ОН за управување со интернет

**www.itu.int/wsis**
Светски самит за информатичко општество - ССИО (World Summit on the Information Society - WSIS)

**dns.marnet.net.mk**
МАРНет - Македонска академска и истражувачка мрежа

**www.kit.gov.mk**
Комисија за информатичка технологија на Владата на РМ

Панос Лондон е дел од глобалната мрежа на независни канцеларии на Панос и работи со медиумите со цел да стимулира дебата околу прашањата поврзани со глобалниот развој.

Панос Лондон подготвува неколку кратки документи наменети за новинари за различни аспекти на информатичкото општество во пресрет на втората фаза на Светскиот самит за информатичко општество што ќе се одржи во ноември 2005 година.
За повеќе информации посетете го нивниот веб-сајт:
**www.panos.org.uk/communication**

Фотографии: Панос пикчрс (Panos Pictures)

Основа на документов е „Panos Media Toolkit on ICTs - No.1", преведен, прилагоден и дополнет од тимот на Метаморфозис. Панос Лондон, Панос пикчрс и Фондацијата Метаморфозис ги задржуваат соодветните авторски права над текстовите и фотографиите објавени во овој водич.
(Македонско издание: јули 2005.)

**Метаморфозис** е независна, непартиска и непрофитна фондација со седиште во Скопје, Република Македонија. Нејзини главни цели се развој на демократијата и просперитет преку промоција на економија базирана на знаење и информациско општество.

Адреса за контакт: Фондација Метаморфозис
ул. „Наум Наумовски - Борче" 88-а
1000 Скопје, Македонија

телефон: +389 2 3109 325
факс: +389 2 3225 206
ел. пошта: **info@metamorphosis.org.mk**
веб-сајт: **www.metamorphosis.org.mk**

CIP - Каталогизација во публикација НУБ "Св. Климент Охридски", Скопје
004.738.5:005.71
КОЈ владее со интернетот? : Што е ИКАНН?. - Скопје : Фондација Метаморфозис, 2005. - [8] стр. : илустр. ; 30 см. - (Водич за ИКТ на Метаморфозис ; бр. 1)
ISBN 9989-2451-0-X
а) Интернет - Менаџмент
COBISS.MK-ID 61706250